Ве молиме уредно пополнете ја пријавата за таен купувач. Податоците кои ги давате служат за да добиеме подобар впечаток за Вашиот профил со цел да може да ги прилагодиме работните задачи кои во иднина ќе ви бидат доделени.

SWOT RESEARCH гарантира за доверливоста на информациите кои ќе ги доставите во оваа пријава и истите ќе бидат искористени само за намената за која служат и нема да бидат споделени со трети лица без претходна писмена потврда од Вас.

Откако ќе ја пополните пријавата, ќе бидете контактирани од страна на SWOT RESEARCH и поканети на тестирање и интервју. По поминувањето на овие чекори, Вие станувате наш траен хонорарен соработник.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА ТАЕН КУПУВАЧ

- Пополнете ја пријавата во македонска поддршка, само лозинката напишете ја на латиница.
- Пополнете ја секцијата „Основни податоци“, оставајќи најмалку домашен и мобилен телефонски број за контакт доколку ги имате.
- Пополнете ја секцијата „Адреса на живеење“, а доколку имате и друга адреса на која привремено престојувате, можете да ја внесето во секцијата „Адреса“.
- Пополнете ја секцијата „Лични податоци“, давајќи колку можете повеќе детали за Вас. Колку повеќе детали наведете во пријавата, проект менаџерот ќе може да Ве вклучи во проектите кои најмногу одговараат на Вашиот профил. Доколку не можете да наведете некоја од бараните информации, во соодветното поле впишете „/“.
- Доколку имате автомобил, во полињата „Ауто 1“ и „Ауто 2“, од листата пронајдете ја марката на возило кое Вие го поседувате и во следното поле напишете го конкретниот модел. Доколку немате автомобил одете најдолу на листата и одберете „--------“, а во следното поле впишете „/“.
- Во полето „Сегашна фирма“  доколку во листата на фирми ја нема Вашата фирма одберете ја опцијата „Останато“ и во следното поле напишете го целосното име на фирмата во која работите во моментот. Истото направете го и со полето „Претходна фирма“.
- Доколку не работите во моментот, во полето „Сегашна фирма“  одберете ја опцијата „Останато“ и во следното поле впишете „/“
- Во празните полиња задолжително опишете го накратко своето работно искуство (можете да ископирате дел од вашето CV) и зошто мислите дека би биле добар таен купувач.
- Во секцијата “Градови„ обележете ги градовите во кои имате можност да работите на некој од нашите проекти.
- Откако ќе се осигурите дека правилно и комплетно сте ја пополниле целата пријава, кликнете на копчето „Испрати“.
- Секоја пријава која нема да биде правилно пополнета нема да биде разгледана.